РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-1587/1
26-05-2025 г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на членот 22 ст. 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19) и членот 40 ст. 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата на својата 18-та седница одржана на 21.05.2025 година ја донесе следната:

## О Д Л У К А

Пријавата со број 12-1362/1 од 11.04.2024 година, **СЕ ОТФРЛА** поради тоа што од наводите во пријавата не произлегуваат сомнежи за прекршување на одредбите во чл. 34 ст. 1 алинеа 3 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.

Предметот со број 12-1362/1 од 11.04.2024 година да се архивира.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од денот на донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

Предметот со број 12-1362/1 од 11.04.2024 година е оформен врз основа на поднесена пријава од непознат подносител по електронски пат. Изнесените наводи во пријавата се однесуваат на сомнежи за прекршување на одредбите во чл. 34 ст. 1 алинеа 3 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси од страна на службено лице ///, поранешен министер за ///, затоа што за време на изборниот процес Претседателски и Парламентарни избори 2024 година, го свикал основачкото собрание на Комората на вештаци, со цел избор на членови на органите и комисиите во комората.

По увидот во содржината на пријавата, Државната комисија утврди дека во конкретниот случај, не станува збор за вработување на службени лица во државни институции и правни лица со државен капитал, туку за свикување основачко собрание на Комората на вештаци, согласно со одредбите од Законот

за вештачење ("Службен весник на РСМ" бр. 154/23) и Законот за стопанските комори ("Службен весник на РМ" бр. 17/11).

Од наведените причини Државната комисија оцени дека нема основ за надлежно постапување по пријавата и одлучи како во диспозитивот на одлуката.

**Заменик претседател**

**м-р Билјана Каракашова Шулев**

| | |
|---|---|
| Изработил: | м-р Д. Д., советник |
| Контролирал: | Ј. Ц., раководител на одделение |
| Согласен: | м-р И. П., раководител на сектор |
| Одобрил: | С. С. М., член |

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk